Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) во соработка со Телевизија Телма, ќе ја организира петтата по ред **обука за граѓанско новинарство на 8 и 9 февруари 2018 година во Охрид** .



Обуката е можност заинтересираните да се стекнат со знаења и практични вештини од оваа област. Покрај **теоретскиот**, обуката опфаќа и **практичен дел** за пишување на **нов инарски стории, фото и видео новинарство, етиката**
во граѓанското новинарство и
социјални медиуми
како канали на комуникација.

Во текот на 2017 година, преку обуките за граѓанско новинарство беа обучени 67 претставници на граѓански организации и граѓански активисти.

Веќе не станува збор за тоа дали граѓанското новинарство може да го промени светот, туку колку и како ќе го направи тоа. Граѓаните кои сведочат за проблемите, неправдите имаат можност да ги споделат тие информации и на тој начин да влијаат на дебатата за темите што им се од интерес и на носителите на одлуките на локално или национално ниво.

Обуката ќе ви овозможи поефективно да ги напишете или на друг начин да ги регистрирате вашите приказни и да ги споделите со другите.

За повеќе информации погледнете го огласот за обуката . Рокот за пријавување е до 2 февруари 2018 година.

Обуката е дел од проектот „ Топ тема на ваша страна “ што ја спроведуваат Телевизија Телма и МЦМС, а финансиски е подржана од УСАИД.